ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) за 2021 година.

**Цел на ревизијата:** Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со релевантната законска регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
- слабости во ИТ системот, невоспоставени регистри и интегриран информативен систем;
- земјишната политика, управување и издавање под закуп на земјоделското земјиште се неефикасни;
- основните плански документи не се донесени, отсуствува контрола и нема катастар на шуми;
- реализацијата на капиталните проекти за изградба на водостопанска инфраструктура не е согласно договорената динамика и вредност;
- евиденцијата на средствата и обврските е нецелосна и несоодветна и не е извршено усогласување со фактичката состојба;
- исплатени се 72.415 илјади денари за извршни решенија од кои 51% за камати и трошоци и повеќе работни часови од одобрените додатоци на плата.

**Издадено мислење/заклучок*:**
🔴 🔴
Неповолно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива.

**Клучни препораки:**
- обезбедување на потребните услови за работење на ИТ системот, управување и издавање под закуп на земјоделското земјиште, управување со шумите и целосна реализација на капиталните проекти;
- целосна евиденција и попис на средствата и обврските и усогласување со фактичката состојба;
- воспоставување процедури и контрола за исплатите.

**Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет и останати прашања:**
- во 2022 година извршен е кибер напад на ИТ системот по кој се изгубени дел од податоците;
- во текот на 2021 година исплатени се 9.573 илјади денари за 177 извршни решенија по тужбени барања од страна на вработените;
- Министерството се јавува како тужена страна во 124 судски постапки во кои се бара наплата на 434.245 илјади денари;
- во 2021 година и 2022 година до надлежните институции се доставени кривични пријави поради сомнежи за незаконско постапување на дел од вработените;
- примената на дел од одредбите од Законот за земјоделското земјиште создава ризик за неисполнување на целите на законот.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Добиени се забелешки на Нацрт извештајот, при што три се прифаќаат, три не се прифаќаат, а останатите претставуваат известување за причините за состојбите и за преземените активности.

* 🟢 позитивно, 🟡 со резерва, 🔴 неповолно, ⚫ воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk